Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 5, 25 февруари 2008 година

февруари 2008
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област џез-ударни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот„Гоце Делчев” – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област флејта на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област обоа на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област контрабас и бас гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно подрачје филозофија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ**
**ЗА НАСТАВНО-УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ФЛЕЈТА НА**
**ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ**
**„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност во Штип, на седницата одржана на ден 24 јануари 2008 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: доц. Георги Мицанов (претседател), проф. Каспар Цендер (член) и проф. Фредерик Шату (член).

На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија" на ден 20 декември 2007 година за работно место – наставник во насловен доцент за наставно-уметничка област флејта се пријавија кандидатите: Наташа Јаниќ, Златка Митева и Дарко Митев. Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на познавање на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатката **Наташа Јаниќ** е родена во 1979 година во Скопје, Р. Македонија. Додипломски и магистерски студии завршува на Државната музичка академија „Панчо Владигеров" во Софија, Бугарија, во класата на проф. Лидија Осавкова. Учествува на повеќе семинари под раководство на професори од САД и Европа: Жерар Бургоњ, Ешли Соломон, Андре Адориан, Карстен Екерт, Катлин Кар, Александер Мареј и др.

Кандидатката Наташа Јаниќ настапува соло и со камерна музика во Македонија, Бугарија, Грција, Србија, САД, Романија и Малезија. Исто така, Јаниќ настапува со оркестри во Македонија и Бугарија. Таа е наградувана на натпревари во Македонија, Бугарија и Грција. Предава флејта на деца и млади.

Нема наведено кои странски јазици ги познава, но од пријавата се заклучува дека ги познава англискиот и бугарскиот јазик.

Кандидатката **Златка Митева** е родена во 1980 година во Кочани, Р. Македонија. Додипломски и магистерски студии завршува на Државната музичка академија „Панчо Владигеров" во Софија, Бугарија, во класата на проф. Лидија Ошавкова. Кандидатката Митева учествува на повеќе семинари под раководство на професори од Европа, како: Жерар Бургоњ, Ешли Соломон, Андре Адориан, Ирена Графенауер, Патрик Гала и др. Настапува во Македонија и Бугарија. (Турнеи во Италија, Швајцарија и Грција /неофицијално/).

Кандидатката Златка Митева е наградувана на натпревари во Македонија, Бугарија и Србија. Во 2006 и 2007 предава флејта во основно музичко училиште во Кочани.

Наведено е познавање на странски јазици, односно бугарски и англиски јазик.

Кандидатот **Дарко Митев** е роден во 1985 година во Штип, Р. Македонија.

Завршува средно образование во Националното музичко училиште „Љубомир Пипков" во Софија, Бугарија, кај професорката Лидија Ошавкова.

Од 2002 до 2004, студии "Grundstudium" (еквивалентно на "European Bachelor") на HKB (Hochschule der Künste, Bern – University of applied Sciences, Bern). Професор Heidi Péter-Indermühle.

Од 2004 до 2006, постдипломски студии „Концерт диплома" (еквивалентно на "European Master") на HKB (Hochschule der Künste, Bern – University of applied Sciences, Bern). Професор Heidi Péter-Indermühle.

Во 2006 и 2007, усовршување во Конзерваториумот "Poissy", Франција, во „супериор" класата на професор Frédéric Chatoux. Завршен испит положен со 1. награда – "1er prix ".

Кандидатот Дарко Митев учествува на семинари и мајсторски класи и тоа:

– во јуни 2000 година, Gerard Bourgogne во Софија, Бугарија;
– во јули 2001 година, Љубиша Јовановиќ во Врњачка Бања, Србија;
– во август 2001 година, Лидија Ошавкова во Ихнилатес, Грција;
– во август 2001 година, Heidi Péter-Indermühle во Сигишоара, Романија;
– во март 2004 година, Robert Dick во Винтертур, Швајцарија;
– во јануари 2005 година, Barthold Kuijken во Берн, Швајцарија;
– во мај 2005 година, Robert Dick во Луцерн, Швајцарија;
– во август 2005 година, Karine Crossay, Julie Gilbert и Lena Pessot во Ле Карели, поранешно Кралство Савоје, Франција;
– во септември 2005 година, Verena Bosshart, Martin Zeller, Omar Zoboli, Barbara Doll и Christoph Winker во Блонеи, Швајцарија;
– во ноември 2005 година, Robert Aitken, Michel Debost и Nancy Andrew во Босвил, Швајцарија;
– во ноември 2005 година, Benoit Fromanger во Париз, Франција;
– во август 2006 година, Florence Delepine во Сержи, Франција;
– од септември 2006 до јули 2007 година, Pascale Feuvrier во Руеи Малмезон, Франција;
– во декември 2006 година, Jean-Michel Varache во Версај, Франција;
– во февруари 2007 година, Philippe Bernold во Версај, Франција.

Кандидатот Митев завршува курсеви по петорика и техничко презентирање.

Покрај голем број на соло и камерни музички настапи има настапувано со оркестарот HKB во Берн, Швајцарија, оркестарот Арпежион во Мекен (Луцерн), Швајцарија.

Добитник е на награди во Македонија, Бугарија, Србија, Швајцарија и Франција, меѓу кои:

– 25 март 2001 година, 1. награда на натпревар „Класика и современост" во Стара Загора, Бугарија;
– 9 март 2002 година, 1. награда на натпревар „Класика и современост" во Стара Загора, Бугарија;
– 18 мај 2002 година, 1. награда на натпревар „Петар Коњовиц" во Белград, Србија,
– 7 мај 2004 година, 1. специјална награда и стипендија на натпревар "Odd Fellow" во Берн, Швајцарија;
– 14 мај 2006 година, 1. признание за одличност на натпревар "Jeunes Espoirs" во Meaux, Франција;
– 30 јуни 2007, 1. супериор награда на завршен испит во Поаси, Франција.

Од странските јазици ги познава: англискиот, германскиот, францускиот, а од пријавата се заклучува, и бугарскиот јазик (завршено средно образование во Бугарија).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, кандидатот м-р Дарко Митев да го избере на работното место наставник во насловен доцент за наставно уметничка област флејта.

Сите кандидати ги исполнуваат условите за вршење на дејноста наставник по флејта, како што е објавено на конкурсот. Нивниот талент, амбициозност и компетентност се евидентни од нивните биографии (иако се работи за извонредно млади луѓе) и освоени награди. Стручното мислење на комисијата е дека кандидатот Дарко Митев поседува поголеми креденции од останатите кандидати, и тоа од страна на познавање на странски јазици, интернационално искуство и наобразба.

**Рецензентска комисија:**

**доц. Георги Мицанов, с.р.**

**проф. Каспар Цендер, с.р.**

**проф. Фредерик Шату, с.р.**